Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"-Скопје
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 04-3462/1
14-11 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 149 од Законот за здравствена заштита (Службен весник на Р.М. бр. 43/2012, 145/2012, 65/2013, 87/2013, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и Сл.весник на Р.С.М бр.101/19, 153/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21 ,150/22, 236/22 и 199/23), член 11 од Правилникот за специјализациите и супспецијализциите на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата и фармацијата и на здравствените соработници со високо образование (Службен весник на РСМ. бр. 275/2021) и Одлука на деканот бр.02-2437/1 од 18.09.2023 година, а во врска со Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи 2023-2026 година, (Службен весник на РСМ бр. 163/2023), Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стоматолошки факултет - Скопје распишува

# О Г Л А С
## за одобрување на специјализации и супспецијализации (државни) на здравствени работници вработени во јавни здравствени установи на Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Стоматолошки факултет - Скопје

### I. Јавни здравствени установи и број на специјализации

Согласно Програмата за потребите од специјалистички и супспецијалистички кадри согласно со мрежата на здравствени установи **за 2023 година**, доделени се специјализации и супспецијализации од областа на стоматологијата на здравствени работници вработени во следните јавни здравствени установи за кои се распишува овој оглас:

1. Јавна здравствена установа- Здравствен дом – Кичево:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ................1
2. Јавна здравствена установа- Здравствен дом – Тетово :
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија.................2
3. Јавна здравствена установа -Здравствен дом – Скопје:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија ................5
4. Јавна здравствена установа- Здравствен дом – Крива Паланка
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија .................1
5. Јавна здравствена установа – Универзитетски Стоматолошки клинички центар „Св.Пантелејмон" -Скопје:
   - специјализација од областа стоматолошка протетика......................................1
   - специјализација од областа пародонтологија...................................................1
   - специјализација од областа ендодонција и реставративна стоматологија......1
   - специјализација од детска и превентивна стоматологија ...............................1
   - супспецијализација - орална имплантологија ...................................................4
6. Јавна здравствена установа- Здравствен дом – Битола:
   - специјализација од областа детска и превентивна стоматологија................1
7. Јавна здравствена установа - Општа болница со проширена дејност Прилеп:
   - специјализации од областа максилофацијална хирургија ..............................1
8. Јавна здравствена установа - Општа болница со проширена дејност Дебар:
   - специјализации од областа детска и превентивна стоматологија............1

### II.Услови и документи

Здравствените работници за кои Јавните здравствени установи ќе поднесат барање за одобрување на специјализација, односно супспецијализација треба да ги исполнуваат условите согласно член 141 од Законот за здравствена заштита, односно да имаат:

- завршен Стоматолошки факултет,
- завршен приправнички стаж и положен стручен испит ,
- положен специјалистички испит од соодветна специјалност,
- лиценца за работа.

Во прилог на барањето/упатницата за одобрување на специјализација, односно супспецијализација освен документацијата за кандидатите со која се докажува исполнетоста на условите, а која треба да биде заверена на нотар, Јавната здравствена установа од делот I на овој оглас задолжително доставува и:

- бодовна листа за селекција на кандидати кои се вработени во Јавната здравствена установа по завршен јавен или интерен оглас и
- одлука за одобрување на специјализацијата, односно супспецијализацијата донесена од јавната здравствена установа за тоа кој здравствен работник се упатува на соодветната специјализација, односно супспецијализација.

**III. Рок за пријавување**

Барањето за одобрување на специјализациите, односно супспецијализациите до УКИМ - Стоматолошки факултет во Скопје се поднесува од страна на Јавната здравствена установа каде е вработен здравствениот работник, најдоцна во рок од **30 дена** од денот на објавување на огласот, до архивата на Факултетот или по пошта на адреса: ул.,,Мајка Тереза” бр. 43, Скопје.

**Универзитет “Св.Кирил и Методиј”во Скопје**
**Стоматолошки факултет - Скопје**